РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-11/1
13.01.2021 год.

Врз основа на член 114, а 6 во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р М бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 46 од Статутот на Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Деканот на Факултетот, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

**Член 1**

Се распишуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се спроведат на 15.2.2021 година (понеденик) во просториите на Факултетот, од 08-16 часот.

Претседателот и претставниците во Факултетското студентско собрание се избираат на тајни, фер и демократски избори, по пат на тајно гласање.

**Член 3**

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание во следниот состав:

1. Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, претседател

2. Проф. д-р Звезда Богевска, член

3. Кристина Тодорова, студент – член

4. Билјана Стојановска, студент – член

5. Викторија Соколовски, студент – член

Комисијата од став 1 од овој член избира Избирачки одбор составен од: 2 студенти и 1 наставнк/соработник, за спроведување на изборите.

**Член 4**

Изборната акмисија од член 3 на оваа Одлука:

- ја спроведува изборната постапка/и
- донесува Одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови на Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатор, дали е запишан во семестар/година кога се спроведуваат изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката на Комисијата е конечна.

- ги утврдува резултатите од гласањето,
- составува записник за резултатите од гласањето на ФЗНХ,
- врши други работи, со цел непречено спроведување на изборите.

Изборната Комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец за записник, го утврдува начинот на гласање и пребројување на гласовите и резултатот од гласањето, други известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација, како и други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдувањето на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на веб страницата на Факутетот (www.fznh.ukim.edu.mk), 7 (седум) дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

**Член 5**

Се задолжува Изборната комисија од член 3 на оваа Одлука, изборите за претседател и членови на ФСС на ФЗНХ да реализира во согласност со Законот за високо образование, Статутот на УКИМ во Скопје, и Статутот на ФЗНХ- Скопје.

**Член 6**

Кандидатите за претставници на Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за членови во ФСС на ФЗНХ.

Собирите од став 1 на овој член ќе се одржат преку преку електронски средства за комуникација со користење на платформа за видео-конференции-Teams и тоа во термини кои ќе бидат дополнително договорени во зависност од распоредот на часови, а по следниот распоред:

- Собир на студенти од прва година - на ден 29.1.2021 год.
- Собир на студенти од втора година - на ден 28.1.2021 год.
- Собир на студенти од трета година - на ден 27.1.2021 год.
- Собир на студенти од четврта година - на ден 26.1.2021 год.
- Собир на студенти магистерсски /докторски студии - на ден 25.1.2021 год

Факултетското студентско собрание го сочинуваат 17 претставници од студенти – по години на студирање, на додипломски и последипломски студии и тоа:

- 4 претставници од прва година;
- 4 претставници од втора година;
- 4 претставници од трета година;
- 4 претставници од четврта година;
- 1 претставник на последипломски студии.

**Член 7**

Право да избираат и да бидат избрани имаат сите студенти на Факултетот кои се запишани на студии во учебната 2020/2021 година, со запишан зимски семестар.

Член 8

Кандидирањето за Претседател на ФСС е лично, со поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 20 (дваесет) студенти.

За Претседател на ФСС може да се кандидира редовен студент на Факултетот кој ги положил сите испити заклучно со III (трет) семестар.

Кандидатурата, заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 1. 02.2021 година (понеделник), 12 часот во Архивата на ФЗНХ.

За избран Претседател и членови на Факилтетското студентско собрание се смета/ат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а задолжително да се објави на веб страната на Факултетот (www.fznh.ukim.edu.mk) и достави електронски до студентите.

**ДЕКАН**

**Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ**